Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СПИ.бр.4/23
09.06.2023 година
Гевгелија

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот ГН Скопје, Основниот суд Гевгелија на ден 09.06.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот ГН Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од барателот ГН, Имателот на информацијата Основен суд Гевгелија, Ви ги доставува следните податоци согласно Вашето барање и тоа:

Под точка 1 од Вашето барање поведена е судска постапка во Основен суд Гевгелија, заведен е предмет под К.бр.101/23, по предметот постапува судија Маја Аврамова и предметот е во фаза на закажување расправа.

Под точка 2 од Вашето барање поведена е судска постапка во Основен суд Гевгелија, за кривично дело Насилство по член 386 ст.6 од КЗ заведен е предмет под К.бр.61/23, по предметот постапува судија Иван Стаменов и предметот е пратен во Институт за судска медицина, криминалистика и деонтологија при Медицинскиот факултет во Скопје на супер вештачење.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Гевгелија на ден 09.06.2023 година, под СПИ.бр.4/23 од 09.06.2023 година

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен каратер
Павле Тунев-Раководител на оддел